ЈАВНА ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА „ИЛИНДЕН“-ДЕЛЧЕВ0

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

# ЗА 2026 ГОДИНА

Центар на знаење, култура и заедништво

за локалната заедница

**Делчево,2025**

Програма за работа на ЈЛБ„Илинден“-Делчево

за 2026 година

Програмата за работа на ЈЛБ„Илинден“- Делчево е законска обврска согласно член 12 став 3 и 4 од Законот за библиотеки (Сл.весник 66/2004, 89/2008, 116/2010, 51/2011) , член 11 став 3 од Статутот на ЈЛБ„Илинден“- Делчево и со претходна Одлука на Управниот Одбор на ЈЛБ„Илинден“- Делчево со архивски бр. 02-49/5 година, од 03.12.2025 година ЈЛБ„Илинден“- Делчево до Советот на Општина Делчево ја доставува програмата за работа за 2026 година.




*„Да влезеш во ЈЛБ„Илинден“-Делчево*

*е како да влегуваш во бескрајна бајка*

*што чека да те прегрне“*

*„Библиотеката не само што чува книги,*

*туку чува и знаење,сеќавања и сонови“*

**ВОВЕД**

ЈЛБ„Илинден“-Делчево е јавна локална установа која врши библиотечна дејност.Библиотеката ја основа Општина Делчево, заради вршење дејност од областа на културата која е од јавен интерес, а придонесува за развој на образованието и трајно задоволување на културните и другите потреби на пошироката јавност.
ЈЛБ„Илинден“ и во 2026 година ја продолжува својата основна мисија - афирмација и развој на библиотечната дејност,унапредување на културниот живот во заедницата и обезбедување услови за слободен пристап до информации, знаење и образование за сите.

Програмата за работа за 2026 година е изготвена врз основа на досегашните резултати,стратешки насоки на библиотеката и приоритетите утврдени во локалните и националните културни политики.

Во неа се предвидени активности насочени кон збогатување на библиотечниот фонд,дигитализација и заштита на културното наследство,поттикнување на читањето ка јсите возрасни категории, како и јакнење на соработката со образовните и културните институции.

Со реализација на предвидените активности,ЈЛБ„Илинден“-Делчево ќе продолжи да ја исполнува својата улога како современа, отворена и достапна установа што одговара на потребите на заедницата,придонесувајќи кон културниот и образовниот развој на општина Делчево.

Програмата за работа на ЈЛБ„Илинден“-Делчево за 2026 година е стратегиски документ од областа на културата.

Програмата поаѓа од јасно определена визија за развој на ЈЛБ„Илинден“ и од основаната мисија што треба да ја спроведува ЈЛБ„Илинден“-Делчево, во периодот 2026 година.

Во програмата се наведени принципите и насоките за идниот стратегиски развој и назначува различни приоритети во дејностите од

библиотекарството.

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Целосен назив | Јавна Локална библиотека„Илинден“-Делчево |
| 2 | адреса | Ул.„Светозар Марковиќ„бр.1 |
| 3 | телефон | 033 412 615 |
| 4 | Е-адреса | m.biblioteka@t.mk |
| 5 | Веб страница | Jlbilinden.mk |
| 6 | Работно време | Секој работен ден од 7,30 до 18 часот |
| 7 | Раководно лице | Биљана Петровска |
| | | |

ЈЛБ„Илинден“-Делчево во извршувањето на дејноста од јавен интерес ги почитува следните принципи:сигурност во давањето на услугите,континуитет и квалитет на услугата,транспарентност,достапност и заштита на корисниците.

Библиотеката е место каде секој човек од сите возрасти,може да ја пронајде својата духовна храна според афинитетите и потребите.Библиотеката како огромно скривалиште на човековата мудрост претставува незаменлив ресурс на севкупното човечко знаење и логистичка поддршка и едукација на сите нејзини корисници.Таа претставува дел од културниот живот.Иако, последните години доминацијата е на страната на информатичката технологија, книгата како трпеливо да беше скриена некаде тука помеѓу нас.По малку заборавена, демнеше со сиот свој жар со кои просветителите ја носеа во своите пазуви.Со големи предизвици и промени што особено се чувствуваат во библиотечното работење,библиотеката несопирливо заживува и по кој знае кој пат станува место за доверливи средби во кои се чуваат националните богатства и се уриваат јазичните бариери.

**МИСИЈА**

Основната мисија на библиотеката е да овозможи пристап до знаење,култура и информации за сите граѓани, да поттикнува читање,образование,како и да создава простор за личен и професионален

развој.Библиотеката да биде мост кон светот на знаењето и културата, да ги инспирира луѓето да читаат, да учат и да создаваат и да изградиме заедница која ги цени книгите и учењето.

Библиотеката како институција од јавен карактер во која се негува творештвото има важна улога во развојот и градењето на едно демократско општество и афирмација на националниот културен идентитет.Во едно мултикултурно општество библиотеката има обврска да ги зачува и да ги промовира различните култури и да го унапредува економскиот, културниот и социјалниот живот.Унапредувањето на културата на живеењето го реализира преку поттикнување на читањето кај децата од најмала возраст, развој на креативноста кај младите, поддржување на разноликоста во културите и обезбедување на предуслови за користење на информациите од страна на членовите (корисниците).

*БИБЛИОТЕКА - ПРИЈАТЕЛ НА ЗНАЕЊЕТО*

*БИБЛИОТЕКА: МЕСТО НА НОВИ ИДЕИ*

Мисија на библиотеката и понатаму ќе биде да ги доближи книгите,знаењето и културата до секого и да создадеме простор каде секој ќе сака да учи,открива и расте. Да овозможи пристап до информации за сите свои корисници од различна интелектуална, образовна, социјална и возрасна структура и широка понуда на услугите.Вработените во библиотеката се трудат да им служат на сите членови, без оглед на националната, верската и политичката припадност, пол, возраст, социјален, образовен и економски статус и затоа библиотеката претставува идеална подлога за промовирање и негување на мултикултурноста.

Една од приоритетните мисии на библиотеката е напредување во светот на знаењето.За тоа е потребно библиотеката да прерасне во институција која ќе овозможи пристап на секој кој сака да истражува, ќе даде поддршка на сите истражувачки заедници во клучните области за обезбедување социјална и економска корист и ќе го збогати културниот живот на жителите во Делчево и Делчевско.

## ВИЗИЈА

Библиотеката да се развива во современ, отворен и инспиративен центар на културата и знаењето, кој преку книгата, читањето и дигиталните содржини ќе ги поврзува генерациите, ќе ја поттикнува љубопитноста и ќе го збогатува културниот живот на заедницата.

*НА СЕКОЈ ЧИТАТЕЛ ДА МУ СЕ ОВОЗМОЖИ ПРИСТАП ДО ЗНАЕЊЕ, КУЛТУРА И ИНФОРМАЦИИ КОИ ЌЕ МУ БИДАТ ПОТТИК ЗА ЛИЧЕН РАЗВОЈ А БИБЛИОТЕКАТА ДА БИДЕ МЕСТО КЈАДЕ СЕКОЈ СЕ ЧУВСТВУВА ДОБРЕДОЈДЕН*

Визија на библиотеката е:

1. Да биде  современ културени образовен центар кој преку знаење, читање и  дигитална достапност ги поврзува сите генерации и придонесува за развој на заедницата.
2. Да се стреми да стане дигитален простор на знаење, култура и инспирација,кој ги обединува граѓаните преку љубов кон книгата, читањето, учењето и креативното изразување.
3. Да биде место кое го негува духот на читањето и учењето, достапно за сите, во чекор со времето и потребите на заедницата.

Библиотеката ќе направи се за своите читатели: да им понуди квалитетна услуга,,современи извори на информации и топол,пријателски простор за читање, учење и дружење.

Визијата на ЈЛБ„Илинден"-Делчево и понатаму е да информира, да едуцира и да го поттикнува културниот, образовниот и социјалниот развој на нашата општина и да ги задоволува потребите и интересите на читателската публика.

## ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА БИБЛИОТЕКАТА

Цел на библиотеката е да биде културно катче каде што нашите членови покрај книгите ќе ги користати современите технолошки можности што ги

нуди современото општество во библиотечното работење.Затоа ќе ги следиме светските трендови и ќе продолжиме да градиме модерна библиотека која ќе ги овозможува истите услови како и секоја друга слична европска или светска институција.Компјутерската технологија ќе стане главен двигател во пребарувањето на книжен материјал, а интернет поврзаноста како и целосната имплементација во COBBIS-системот,ќе биде придобивка повеќе на сите корисници.Со најновите случувања во изминатите години и социјалната дистанца стана јасно дека мора да се користат дигитални алатки од страна на корисниците на услугите, за да се создадат ефикасни библиотечни услуги.

Главните цели на библиотеката за 2026 година се:

-Библиотеката да прерасне во современа модерна установа-место каде ќе се вкрстуваат културата, уметноста, историјата,едукацијата и информацијата, затоа што таа не е само сервис којшто единствено има позајмувачка дејност,затворен пункт, туку

и место каде ќе се зачува и ќе се промовира културното наследство од нашиот град.

-Услугите на библиотеката да бидат достапни до сите без оглед на возраста, расата, полот, религијата,националноста,јазикот или општествениот статус.За таа цел, таа ќе се стреми кон организирање на библиотечен кадар за брзо преструктуирање во согласност со потребите и можностите на времето што доаѓа.

-Дигитализација на книгите поради олеснување на пристапот на читателите до книгите.Исто така ќе се оди на дигитализација на одреден библиотечен материјал со кој располага библиотеката (снимање на содржини во дигитален формат со помош на дигитална камера, скенер или компјутер), зависно од можностите и финансиите.Минатата година започнавме со дигитализација на дел од делата на роднокрајните автори.Со тоа ќе продолжиме

и во 2026 година ќе пробаме и да дигитализираме стари, уникатни и оштетени книги и весници.Тоа е сложена задача за која се потребни финансиски средства, опрема и луѓе за спроведување на таа активност.Процесот на дигитализација е скап, но ќе се обидеме да го реализираме постепено, а дотогаш ќе работиме со ресурсите со кои располагаме.Сепак убавината на книгата нема да изумре, зашто убавината на држење книга в раце , не може да ја замени ни еден медиум, бидејќи книгата ја преточува својата душа во душата на читателот.

-За задоволување на потребите на корисниците, потребна е поквалитетна комуникација помеѓу корисникот и библиотекарот.За да се оствари ќе се спроведе анкета со која ќе се утврдат потребите и услугите што ги бараат корисниците, нивните предлози за подобрување на услугите, прифаќање на секакви критики и пофалби.Врз основа на нивните потреби ќе ги определиме стратешките приоритети на дејствување.Ќе се воведе кориснички сервис „прашај го библиотекарот".За нивно реализирање библиотеката ќе го стави на располагање целокупниот библиотечен кадар.

-Библиотеката како место во кое се собираат љубителите на културата, покрај презентирање на библиотечниот материјал,ќе организира бројни културни манифестации, изложби и промоции на книги, изложби на фотографии, промоции, организирање на други настани и одбележување на значајни датуми.Покрај тоа ќе организираме и едукативни работилници за деца, јавни дискусии, за да ги поттикнеме корисниците да ја посетуваат библиотеката.Библиотеката нашите граѓани треба да ја чувствуваат и како место каде се твори, се создава, се одржуваат работилници и простор за учење.

-Техничко опремување со се што е потребно во секојдневното работење,канцелариски материјал и вложување во нова ИТ-технологија.Библиотеката ќе се насочи кон подобрување на условите за работа, обновување на инвентар,подобра комуникација со медиумите,интернет презентации, за да се привлечат нови читатели.Со нови и современи техники кои што ги содржат сите спецификации за подобра работа во COBBIS,полесно и побрзо би се услужиле читателите.Во зависност од можностите и финансиските средства би се поставиле компјутери со интернет и во читалната, за слободно користење од читателите и корисниците на услугите на библиотеката.

-Приближување на услугите што ги нуди библиотеката и книжниот фонд поблиску до јавноста и до читателите преку постоечката веб-страница и преку фб старницата на библиотеката, се со цел побрза и точна информација за новоиздадените книги и новите наслови, за сите случувања кај нас,информација од сите издавачки куќи во земјата и пошироко.

Главни приоритети на библиотеката за 2026 година се:

-Подобрување на кадровскиот потенцијал преку нивно усовршување-едукација на вработените.Во зависност од финансиите ќе учествуваат на семинари и предавања кои ќе придонесат за унапредување на библиотечната дејност.Стручно оспособување на библиотекарскиот кадар, кој ќе посетува семенари, курсеви,стручни предавања во НУБ

„Св.Климент Охридски“-Скопје и други форми за стручно оспособување, за да можат да ја формираат и одржуваат базата на податоци за колективни и индивудуални извори.На тој начин ќе се создадат услови за практикување на современо библиотечно работење со примена на информациска и телекомуникациска технологија (изградба на автоматизиран библиотечен систем и да обезбеди технички услови за индивидуален достап на корисниците од ОПАК(автоматски каталог на Библиотека.

-Приоритет на секоја библиотека е зголемување на бројот на читатели и посетители на истата, преку разни работилници, промоции, обуки, активности со сите институции на локално ниво.

-Обврска на библиотеката треба да биде задоволување на културните потреби на припадниците на сите националности кои егзистираат на територијата на општината.Единствено со таков пристап, можеме да изградиме однос кој ќе ни гарантира атмосфера на почит, меѓусебно разбирање и квалитетен соживот.Тоа ќе се постигне со набавка на литература што ја користат сите национални групи и организирање на трибини од областа на културата на националностите.

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА НА БИБЛИОТЕКАТА**

За успешно остварување на задачите и функциите предвидени со Законот за библиотеки, библиотеката ја организира својата дејност преку следните служби:

-Административна служба

-Стручна служба

-Помошно-техничка служба

Раководењето и одговорноста за вкупната дејност на библиотеката што произлегува од законските и од другите нормативни акти ги остваруваат Директорот и Управниот одбор.Моментално библиотеката заедно со клонот во М.Каменица, има 9 вработени: директор, 4 библиотекари, 1 помошник библиотекар, 1 книговодите, 2 хигиеничари.


ДИРЕКТОР
АДМИНИСТРАТИ ВНА СЛУЖБА
ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ
ПОМОШНО - ТЕХНИЧКА
Оддел за стручна обработка на
Оддел за периодичн и публикаци
Оддел за примоизд ава-ње и библиотеч
Оддел за комплетир ање на библиотеч
Оддел за библиогра фско – библиотеч
Оддел за заштита и репрограф

## ДЕЈНОСТ И СТРУКТУРА НА БИБЛИОТЕКАТА

ЈЛБ„Илинден"-Делчево е правно лице,локална установа од областа на културата со непрофитна цел, со права, одговорности, овластувања и обврски кои ги има врз основа на Законот и Статутот.

Основната дејност на библиотеката е:

-набавување, истражување, собирање, стручно обработување и проучување,заштитување,
чување,објавување,информирање,презентирање и давање на користење библиотечен материјал.
-промовирање и афирмирање на библиотечниот материјал,движно културно наследство,преку изложби,предавања,литературни читања,семинари и курсеви и други форми на дејствување.

-обезбедување услови за користење и научно и стручно проучување на библиотечниот фонд.

-издавање стручни публикации,каталози, водичи и друг информативен материјал.

-водење влезна евиденција,инвентарна книга, и друг вид едукација и документација.

-подготвување на библиотечни каталози,база на податоци,картотеки и нивно одржување.

-стручна обработка и чување на роднокрајниот библиотечен материјал од локално значење.

-вршење на библиографско-информациска и документациска дејност.

-следење на состојбите и нудење стручна помош на училишните библиотеки.

-стручно усовршување на библиотечните кадри

-позајмување и размена на библиотечен материјал од други библиотеки.

-грижа за правилна примена на техничко-заштитните мерки за чување и одржување на библиотечниот материјал.

-маркетиншко афирмирање на библиотечното работење.

-учество во одржување на националната заемна библиографска база на централните каталози и бази на податоци.

-задоволување на културните потреби на пошироката јавност.

-придонес за унапредување на стручната и научно-истражувачката работа, за развој на образованието, културата, науката и други дејности.

-развивање на интерактивна комуникација со корисниците заради користење и популаризација на публикациите и другиот информативен материјал.

-вршење и други услуги со информации во електронска форма.
-вршење издавачка дејност, печатење и услужни активности.

-вршење и други активности од областа на библиотечната дејност согласно Законот.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА БИБЛИОТЕКАТА**

Финансирањето на библиотеката како единка буџетски корисник, дел оди преку Министерството за култура и туризам со блок дотации, дел од самофинансирачки активности.Сепак овие средства се недоволни за извршување на најосновните дејности на библиотеката, за следење на актуелните трендови и нивна имплементација, па затоа библиотеката преку маркетинг и менаџмент ќе се труди да ги зголеми нив и да овозможи целосно и непречено вршење на својата дејност.

Со воспоставување на децентрализацијата, на локалната власт и се доделени задачи и одговорности за извршување на услуги, а библиотеките, образованието, музеите,спортот и рекреацијата се главните културни услуги.Па затоа ќе се насочува преку соработка со Локалната самоуправа, преку менаџирање и маркетинг да се изнајдат и други извори на финансирање, т.е. со добивање на најразлични проекти и грантови.

Финансирањето на библиотеката се одвива преку 2 сметки:

-Сметката 720010899090312 е сметка за наменси дотации на општина Делчево од страна на Министерството за култура и туризам.Таа сметка е наменета за исплата на плати и други материјални трошоци неопходни за непречено одвивање на предвидените активности на библиотеката(одобрен финансиски план за 2026 г.).Средствата од блок - дотациите ќе се искористат строго наменски за да може библиотеката како јавна институција непречено да ја извршува својата дејност.

-Сметката 7200899078718 е сметка за сопствени приходи.Средствата од оваа сметка се користат како надополнување на средствата од сметката Блок дотаци.Односно , во зависност од одобрениот буџет на сметката Блок

дотации се одредува и планира буџетот на оваа сметка, а сето тоа е усогласено со планираните приходи.Имено, најчесто овие средства се распоредуваат за набавка на книги, за покривање на трошоците за електрична енергија, телефон, водовод и канализација, камати за задоцнета исплата на платите на вработените,патни трошоци,исплата на членовите на Управниот одбор,за систематски прегледи на вработените, обуки и сл.

И во 2026 година ќе се трудиме да пронајдеме пат и стратегија за што поголема и поинтензивна соработка со приватниот бизнис-сектор, а со самото тоа и до помош од нивна страна, било тоа да е финансиски или материјална (донирање на книжен, дигитализиран библиотечен материјал),кој ќе биде достапен на користење на читателите и корисниците на библиотеката.

## ЗАДАЧИ НА ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ЕДИНИЦИ

Програмските задачи на библиотеката според Законот за библиотечна дејност се:набавка, истражување,собирање, стручно обработување, заштита, чување, објавување, информирање и давање на користење на целокупниот библиотечен материјал.Во спроведувањето на овие задачи мора да се грижи да ги применува меѓународните стандарди за монографски и сериски публикации.Покрај ова мора да учествува во креирањето на централните каталози и бази на податоци.

## ЗБОГАТУВАЊЕ НА БИБЛИОТЕЧНИОТ МАТЕРИЈАЛ

Дополнувањето и обновувањето на фондот ќе биде една од основните задачи во работата на библиотеката во 2026 година,затоа што од неговата содржина и разновидност зависи и интересот на корисниците на библиотечните услуги и во крајна линија, бројот на читателите. Затоа што квалитетен и функционален книжен фонд е вистинско богатство за секоја библиотека. И во 2026 година библиотеката ќе води грижа за задоволување на интересите на читателите и постојано ќе се следи издавачката продукција во земјата.Ќе се набавува литература од сите жанрови, но и едукативни изданија за потребите на студентите, сликовници за најмалите,книги за тинејџери, лектирни изданија во координација со професорите и наставниците од средното и основните училишта во

градот.Нормално, значајно место во целокупната набавка се дава на белетристиката за деца и возрасни што ја бараат читателите од сите категории,посебно македонски романи и други актуелни наслови, капитални дела, енциклопедии,реченици и лексикони.

По набавката на книжниот фонд, следува техничка обработка (Инвентирање,сигнирање,потпечатување и сместување) на целокупниот книжен фонд што пристигнува во библиотеката.Во електронскиот каталог, освен што ќе се надополнува со нови наслови, ќе се продолжи со ретроактивно внесување на старите книги заради комплертна каталошка евиденција на целокупниот книжен фонд на библиотеката.Овој каталог, освен за основна евиденција, ќе служи и за информирање за достапноста на одредена книга или наслов на сите читатели, но и потенцијални нови корисници, кои што можат по електронски пат, од било кое место да проверат дали посакуваниот наслов се наоѓа во фондот на библиотеката и дали е изнајмен или е слободен.

Посебен придонес во збогатувањето на книжниот фонд на библиотеката во изминатите години даде и Владата на Република Северна Македонија со преведените наслови на стручни дела од врвни автори од најпрестижните универзитети.Книжниот фонд ќе се зголеми и по пат на донации на книги од роднокрајни автори, други автори и институции.Многу знајачна е и соработката со другите библиотеки од земјата и странство и размена на искуства во збогатување на библиотечниот книжен фонд.

## ЗБОГАТУВАЊЕ НА ОДДЕЛОТ ЗА СТРАНСКА ЛИТЕРАТУРА

Од година во година се зголемува бројот на странска литература, најчесто по пат на донации.Во изминатите две години особено е зголемен бројот на детска странска литература.

Во библиотеката постои и посебен оддел (полици) за странска литература, каде читателите можат да најдат литература на англиски, германски и француски јазик.

## ЗБОГАТУВАЊЕ НА РОДНОКРАЈНОТО ОДДЕЛЕНИЕ

Библиотеката располага со богата роднокрајна збирка на литература и ракописи од Делчево и околината.Истата секоја година се надополнува со

нови наслови создадени од перото на роднокрајните автори.Книгите во роднокрајното одделение претставуваат културен траен документ за сите случувања во општина Делчево.Затоа во 2026 година ќе се посвети посебно внимание на собирање, комплетирање и обработка на овој вид библиотечен материјал и промоција на делата на роднокрајните автори.Во 2026 година, ќе организираме, почесто средби со роднокрајните автори, барен еднаш месечно.дел од нивните дела веќе се дигитализирани, а во 2026 година , со оние средства кои ги имаме на располагање ќе се трудиме да дигитализираме поголем број на дела од роднокјрајните автори.
Роднокрајното одделение е значајно катче на библиотеката, содржи најразновиден и специфичен библиотечен материјал.Во него се опфатени публикации,документи,ракописи,ситен печат,плакати, карти, фотографии и друг вид печатен или ракописен материјал,чии што автори се од Делчево или пак делата се однесуваат на Делчево.

Главна задача на ова одделение во 2026 година е да ги следи новите книги или друг вид на пишуван материјал што се однесува на културното и научното живеење во градот.Тоа се нови книги, изложби,литературни претставувања,книжевни средби и друго, со што роднокрајната збирка се надополнува и збогатува.

Роднокрајното одделение е вклучено во електронското библиотечно работење COBBIS, и во 2026 година ќе се надополнува, на тој начин ќе им стане подостапно на корисниците, посебно на оние што истражуваат на разни теми и од разни области во Делчево.

Во зависност од финансиските средства, библиотеката планира во 2026 година да издаде и два нови наслови од роднокрајни автори.

## ОДДЕЛ ЗА СТРУЧНА ОБРАБОТКА НА НАБАВЕНИОТ БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Обработката на библиотечниот материјал исто така е една од поважните задачи и таа се состои во креирање,ажурирање и превземање на библиографски записи во локалната и главната база на податоци COBISS.МК според усвоените библиотечни стандарди и Универзалната децимална класификација.Стручната обработка на библиотечната граѓа ќе ги опфати следните дејности:формирање стручни и предметни индекси на монографски и периодични публикации на книжниот фонд за возрасни, книжен фонд за деца, роднокраен и подвижен книжен фонд, изработка на единствен библиографско-каталожен опис за библиотечната граѓа

(SBD(M).Овој креиран каталог им овозможува на нашите корисници да ги пронајдат потребните наслови, а исто така можат да позајмат книги од библиотеките во другите градови.Во 2026 година, вработените ќе посетуваат обуки за стекнување на нови сертификати кои ќе им овозможат работа во COBISS.

Се очекува да се добијат наслови и со откуп што Министерството за култура го врши секоја година од македонски издавачи, донации, стручни книги и преводи на македонски јазик што ги доделува Владата на РСМ, роднокрајни примероци и депозити, подароци, хумани донации и сл.
И во 2026 година продолжува процесот на автоматизирање на библиотечниот фонд, се до конечно внесување на целокупниот фонд на библиотеката во централната база на податоци-COBISS(кооперативен библиографски систени сервиси)

**ОБНОВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОШТЕТЕНИТЕ КНИГИ**

Библиотечниот материјале е постојано изложен на надворешни влијанија од т.н.човечки фактор, па затоа е потребно од време на време да се санираат одредени публикации или комплетно да се изолираат(доколку станува збор за ретки едиции).
И во 2026 година, библиотеката ќе продолжи со средување на старите и оштетени книги.Ќе се врши укоричување,подврзувањеи лепење на библиотечниот материјал.
ЈЛБ„Илинден“-Делчево, како модерна библиотека која сака да ги следи современите трендови мора да се води од основните принципи и начела на библиотечното работење, а тоа е целосна
искористеност на Кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси или COBISS.
И во 2026 година , во зависноат од финансиските средства,ќе продолжиме, многу оштетените книги да ги заменуваме со нови изданија.Дел од лектирите, веќе се обновени, во 2026 година ќе продолжиме со овој процес.

**ДАВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ОД ПОЗАЈМНА СЛУЖБА ВО ОДДЕЛОТ ЗА ВОЗРАСНИ И ОДДЕЛОТ ЗА ДЕЦА.**

Оваа служба покрај зачленувањето на индивидуални и групни корисници, врши и позајмување библиотечна граѓа и врши електронско одржување картотеки со задолженија, дава информации и обука на корисниците за услугите и начините на користење на библиотечната граѓа, се грижи за

состојбата на библиотечната граѓа, врши меѓубиблиотечно позајмување, води статистика на обемот и видот на користената граѓа, методско-инструктивна работа со најмладите корисници и учествува во резервации на книжните фондови и др.
Оваа работна задача овозможува секој корисник да добие информација и стручна помош за определен наслов од книжниот фонд од страна на библиотекарот и да го позајми потребниот наслов.Исто така во позајмната служба, преку COBISS се евидентира секој читатгел, се резервира потребната книга,со заштита на личните податоци.

**ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГИТЕ**

Популаризацијата на книгата во библиотеката ќе се остварува преку промоции на книги,средба со писатели,литературни читања, организирани посети на просториите на библиотеката за најмалите, особено детското катче,изложби на книги, литературни конкурси, медиумски настапи, претставување на најновите наслови и издавачки куќи и сите други книжевни манифестации и настани на кои во центарот на вниманието е книгата. Популаризацијата на книгите е мошне значаен сегмент во работата на библиотеката.Затоа и активностите на планот на нејзина популаризација и афирмација се предвидени со програма во која,низ разни литературни форми, се стреми, што повеќе да се доближи книгата до секој корисник во сите работни и животни средини.

Во текот на 2026 година, библиотеката ќе организира промоции на книги,литературни настани,средби со роднокрајни автори,литературни конкурси и разни манифестации и настани со цел популаризација на книгите,поттикнување на културното творештво.За реализација на овие активности ќе се предвидат финансиски средства во Финансискиот план за 2026 година.

Популаризацијата ќе се збогатува со нови содржини, но секогаш се настојува да се претстават литературните остварувања во македонската литература.

## ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ И ЗАЧЛЕНУВАЊЕ НА НОВИ ЧЛЕНОВИ

Приоритет на секоја библиотека е зголемување на бројот на читатели и посетители во истата.Тоа ќе се постигне не само со набавка на квалитетни книги, туку и со изведување на јавни трибини и акции за популаризација на книгата,можност за организирање на читателски кафе -клуб, каде читателите ќе се дружат и ќе дискутираат за одренени наслови.Покрај овие активности, библиотеката ќе организира и гостувања по локалните основни и средно училиште заедно со познати писатели.Во зависност од финансиите),и роднокрајни автори, каде што самите млади ќе можат да се запознаат од блиску со автори на книги.
Приоритет на библиотеката ќе биде остварување поголем контакт со младите членови, интерактивна работа со нив, можност за отворање на тематски групи, секции и катчиња, се со цел помасовно активирање на младите во рамки на една културна установа.За таа цел, традиционално се доделуваат награди за најредовни читатели, донации на книги за деца и активности со децата од подрачните училишта, децата од рурални средини и деца на корисници на социјална помош.

Медиумската кампања е исто така многу важна за самото функционирање на библиотеката, или за важноста на книгата и читањето во животот на младиот човек денес. Од тие причини, ќе продолжиме со видлива промоција на секоја набавена книга, на секој настан, се да биде транспарентно и отчетно, изрекламирано преку фб и веб-страницата на библиотеката.

Во зависност од финансиите, во 2026 ќе направиме „реновирање“ на веб-страницата, да бидеме по интерактивни,по можност да направиме и свој канал преку кој слично како радио или со видео материјал ќе ги споделуваме сите активности и случувања во библиотеката.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМПЈУТЕРСКАТА ОПРЕМА

Со оглед на тоа што дигитализацијата зема се поголем замав,а читателите, особено младите се повеќе читаат преку линк а не од книга, мора да се размислува на зголемување на бројот на компјутери, на кои нашите читатели ќе можат во библиотеката да читаат електронски.Тоа значи дека ќе мора да размислуваме и за набавка на современ скенер, со кој ќе ги дигитализираме книгите кои ги има библиотеката.

Зголемување и подобрување на компјутерската опрема и интернетот, со цел да се одговори на потребите на современото живеење.За таа цел потребно е да се надградува компјутерскиот арсенал со нови и подобри компоненти,што ќе придонесе за привлечување на поголем број корисници.Воведување на систем за електронска комуникација со граѓаните, во вид на информиеање на истите преку електронска пошта.

## СОРАБОТКА СО ДРУГИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2026 ГОДИНА

ЈЛБ„Илинден"-Делчево, како отворена библиотека има соработка со многу институции,пред се образовните (детската градинка, основните училишта и средното училиште), здруженија,компании, се со цел да бидеме подобар сервис на нашите читатели.Во рамките на програмата ЈЛБ„Илинден",се планира соработка со одредени културни и образовни институции, невладини организации, младински организации, литературни друштва и др.Во состав на тоа, ЈЛБ„Илинден", ќе биде секогаш подготвена за меѓусебна соработка и поддршка, во рамки на своите можности и просторни капацитети.Поддршка и соработка на организации кои работат проекти со деца и млади и имаат за цел стекнување на нови и трајни знаења кај децата и младите и нивна социјализација, преку интересни, иновативни и креативни работилници, дебати,дискусии,натпревари,литературни дружби и сл.

## РЕФОРМИ

-да се ревитализира заради независно и ефикасно работење.
-да се воведат суштински измени во законската рамка што директно или индиректно влијаат врз библиотеката за отстранување на административни ограничувања.
-да се воведат современи методи на финансирање на библиотеката.

## СОСТОЈБИ

Спонзорството, донаторството и механизмите за јавно-приватно партнерство воопшто не се развиени за да обезбедат дополнителни извори на финансирање на библиотеката.

## ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНАТА ДЕМОКРАТИЈА

Демократизацијата на библиотеката како дел од културата е основен принцип на оваа програма, која подразбира дека разновидните вредности на библиотеките и на уметноста треба да бидат достапни за сите под еднакви услови. Демократизацијата на библиотеката како дел од културата ќе има темелно општествено значење и ќе биде клучна вредност на современата културна политика. Така библиотеката како дел од културата нема да се доживува издвоена од другите оштествени процеси, туки ќе допринесува за отвореност и органска интеракција во целата општестевена заедница.
Паралелно со демократизацијата на библиотеката, ќе се развива и концептот на културна демократија кој подразбира учество на сите граѓани во културата и во создавањето на културните политики. Неопходно е проширување на културната понуда финансирана од буџетски средства и поттикнување на творечките можности на секој поединец. Тоа не значи откажување од „големи проекти“ и од „врвна уметност“ , туку можност двете нешта да се развиваат заедно. Важна улога во развојот на културната демократија ќе имаат институциите-библиотеките кои ќе треба да ги преосмислат своите програми за да овозможат развој на читателите и поттик за широко практикување на креативноста.

**КРЕАТИВНОСТ,ПЛУРАЛИЗАМ,ИНКЛУЗИВНОСТ**

Библиотеката како дел од културата треба да има прогресивна општествена функција: негувајки полемичност, критичко промислување и експеримент, таа треба да создава вредности. По својата природа една библиотека е отворена кон друга библиотеки, кон различностите, кон сите граѓани. Во европсакиот контекст, библиотеката како дел од културата не познава строга контрола од страна на државата. Во тој контекст, и новата културна политика се залага за поттикнување на креативноста и на плурализмот. Таа настојува да создаде поволни услови за вклучување и работа на библиотеките, на институциите. Новата културна политика треба да помогне да се изгради инклузивно, демократско и граѓанско општество во кое ќе дојдат до израз имагинацијата, иновативноста и продуктивноста на сите граѓани кои ќе се осмелат да ги изразуваа и споделуваат различните естетски и креативни искуства, а со тоа да обезбедат достоинствен и исполнет живот. Сите облици на дискриминација и се туѓи на оваа културна политика на библиотеката. Таа ќе се залага за еднаквост и толеранција на сите што имаат да и понудат на македонската култура.
Македонија е мултикултурна но не доволно инклузивна. Во глобализираниот свет, менаџирањето на инклузивноста станува приоритет за помалите култури.Македонија нема друга алтернатива освен да се развива како демократско безбедно општество во кое сите членови имаат

еднаков пристап кон фундаменталните права, вклучувајки ги и социјалнитеи економските права и каде граѓаните без разлика на нивнот бекгарунт, и тоа каде живеат ги ужииваат овие права„ (Council of Europe 2016b: 83). Еден од клучните белези на културата кај нас е нејзината етничка, идеолошка и уметничка хетерогеност. Токму затоа новата културна политика поттикнува отворени политики и практики, кои библиотеката ја претвараат во лабараторија во која постојано се пресиспитуваат постојните и се произведуваат нови значења и вредности.

## ЕВРОПСКИ КОНТЕКСТ

Особено добро начело на оваа програма е европеизацијата на библиотеките како дел од културниот контекст во нашата држава. Тоа е општа политичка опоределба и стратегиска цел на државата. Да се биде дел од европското демократско семејство, не значи напуштање на националните традиции и на посебните културни вредности. Напротив, тоа значи на македонските библиотеки да им се отворат европските и светските перспективи, а македонците во Европа и светот да се чувствуваат природно, вклучено, креативно.

На нас ни се потребни европски библиотеки со културни вредности: библиотека што ги брани темелните човечки права и демократија, култура на креативна работа, слобода на библиотечното истражување, изразување и движење, вложување во библиотечните истражувања и развој, кои се столбови на културната политика, на библиотекарите кои ќе ја проценуваат етничката одговорност на управувачите, за културата како центар на развојните политики. Понатаму, афирмација на европскиот единтитет во неговата разниликост, осигурување на целосна слобода на творештвото, пристап на сите и на секој во културата, борба против пиратстворо во сфера на авторски права, јакнење на уметничкото образование, поддршка на дигитализацијата како нова можност на дифузијани создавање нови форми на уметничко изразување и др. Во тој контекст, библиотеката како дел од културата нема да се темели на претпоставени, затворени или други идентитети, туку ќе претставува динамизам на разлики, кои се секогаш отворени за преговарање.

### СТРАТЕГИСКИ НАСОКИ И ПРИОРИТЕТИ

Процесот на децентрализација на културата во РС Македонија не е новина.Инстутуционалната децентрализација започна во 2003 г. Со поделбата на мрежата на институциите на национални и локални. Тоа беше првата фаза која требаше да продолжи со зголемување на бројот на локални институции и со зголемување на надлежностите на локалните

заедници во културата.Новиот начин на децентрализација треба да овозможи најдобри услови на граѓаните-поблиски, посоодветни и поефтини. Имено, децентрализацијата треба да доведе до унапредување на квалитетот на јавниот сертвис на граѓаните. Поставената цел да се унапредува квалитетот на јавниот сервис на граѓаните не дозволува во некои домени на библиотеките како дел од културата да се реализираат сите форми на децентрализација.

**Од мултикултура кон интеркултура**

Мултикултурата често може да значи незаинтересирано прифаќање на постоењето на повеќе етнички заедници во различни култури кои постојат паралелно.
Почит, разбирање и поддршка на културната различност преку сите механизми и форми што им се на располагање на носителите и спроведувачите на културната политика. Унапредување на интеркултурниот дијалог преку сите извршни механизми на културната политика на локално ниво, вклучувајки и јавни демнати, специјални програми и проекти на независната културна сцена.
Грижа за развој и унапредување на културата на етничките заедници на локален план.Стимулирање на кохезивни и инклузивни програми и проекти во рамки на годишните програми од Општините до Министерството за култура.

**Грижа за различностите**

Свеста особено треба да биде промовирана и негувана кај локалната и државната администрација. Свеста за библиотечните потреби на овие категории делумно е рзвивана преку мерки за имплементација на правото на библиотеките во однос на лицата со посебни потреби во два сегмента: достапност до културните вредности преку обезбедување технички пристапи до културните настани и создавање предуслови за развој на нивното творештво преку поддршка на програми и проекти. Долгорочни цели во овој сегмент се:
-уважување на потребите за натамошно интензивирање на културното изразување на овие заедници.
-поддршка на алтернативните и „други“ уметнички искази преку вградување административни приоритети во годишните конкурси.
-поттикнување на културните институции за соработка со претставници и организации на овие заедници (груби и осмислување на заеднички културни активности).Особено внимание да се посвети на лица со посебни потреби, лица со тешкотии во развој, деца без родители и самохрани родители.

-создавање регистар на институции, организации, заедници, волонтери и граѓански иницијативи кои активно учествуваат во остварување, помагање, организирање и финансирање на библиотеката т.е. културниот живот на овие категории на граѓани.
-планирање на соодветен процент на буџетот на установи за проекти кои ќе вклучуваат и обучуваат граѓани од споменатите категории граѓани.
-воведување на програмски циклуси и распределување на добрите примери на остварување, помагање,организирање и финансирање на културниот живот на овие категории граѓани.

**Програмски задачи**

Програмата за работа на ЈЛБ„Илинден“-Делчево, се темели на задачите и обврските дефинирани во Законот за библиотечна дејност.Таа содржи конкретни задачи чија што реализација обезбедува континуитет и развој на дејноста на библиотеката, а тоа се:
-набавка, истражување, собирање, стручно обработување и проучување, заштитување, чување и објавување, информирање и давање на користење разновиден библиотечен материјал.
-промовирање и афирмирање на библиотечниот фонд преку презентации, изложби, предавања, литературни читања и други форми на книжевни активности.
-обезбедување услови за користење и за научно и стручно проучување на библиотечниот фонд.
-издавање публикации, водичи и друг информативен материјал.
-вршење библиографско-информативна дејност.
-грижа за правилона примена на меѓународни стандарди за библиографски опис на монографски и сериски публикации
-целосна примена на современите техничо-технолошки достигнувања во библиотечните процеси.

**Институционална култура**

**Институција – читатели**
Библиотеката треба да развива посебни маркетиншки активности, да врши квалитативни и квантитативни анализи и истражувања на корисниците во библиотеката, воспоставување врска со нив, истражување на мотивите, културните потреби и однесување.
**Насоки за идниот развој**
Библиотеката е отворена за сите категории на граѓани, особено за децата и младите,лицата со посебни потреби и старите лица.Еден од првите неопходни чекори е одредување на јасни критериуми за одредување на мрежата на библиотеките, со цел да прераснат во центри на културата.

Библиотеката и понатаму ќе ја реализира приграмата во соработка и директни преговори со Министерството за култура преку Општина Делчево. Културниот менаџмент и маркетинг не треба да бидат сватени како средства за „правење пари“,туку како работни задачи кои посредуваат, анимираат, едуцираат во сферата на библиотеките.
Мапирање и анализа на ресурсите што постојат на локално ниво а, потоа и преиспитиување на сегашниот модел на дотации од буџетот на државата за општините и индиректно за библиотеката.
-Со програмата се предвудуваат нови демократски стандарди на работење во библиотеката.
-Јасни критериуми за селекција на приоритетни проекти и активности.
-Јавно објавување на статутуте, стратегиските документи и критериумите, активности и настани со цел јавноста да се увери и да донесе суд дали е почиувано и реализирано се она што е планирано.
-на сите уметници, на сите члениви, да им се обеабедат услови за творење, читање, амбиент за едукација и обуки, заштита на правото на здружување и унапредување на нивните социјални и авторски права.

**Поддршка на творештвотот**

Поддршката на творештвото во сите негови форми, преку законски, финансиски и други стимулативни мерки, е врвен приоритет на библиотеката.Особено внимание ќе се посвети на валоризација на авторскиот труд.

**Нови технологии**

Новите технологии денеска наоѓаат широка примен и се користат и за претставување на културата.Тие го сменија и начинот на кој се доживува културата.Тоа е особено видливо во библиотеките.
**Приоритетни мерки во овој дел се:**
-Изготвување на анализа за техничко-технолошката опременост на библиотеката
-Подобрување на состојбата врз основа на добиените резулати од анализата
-Оспособување на стручен кадар од обласга на новите технологии и нивна примена во библиотеката.

**Мегународна соработка**

Еден од приоритетите на новата библиотечна политика е јасни критериуми за идна библиотечна меѓународна соработка.Политика на добрососедство,регионална соработка и вклученост во меѓународните и

европските текови.Особено внимание ќе се посвети на меѓународната соработка и добрососедството.
Главни приоритети овде се:
-Интинзивирање на регионалната библиотечна соработка, во духот на добрососедските односи
-Евроинтеграции,да се вложат максимални напори за користење на расположливите европски инструменти и фондови.

**Библиотекатаи развојот**

**Библиотеката како фактор на општиот развој.**Библиотеката не е изолиран дел во општеството што функционира според сопствени законитости, туку е составен дел на вкупните развојни процеси.Одржливиот развој особено во библиотеката е директно поврзан со степенот на демократски слободи и права, со намалување на етничките тензии, со раст на општиот животен стандард.Библиотеката во својот развој е условена од низа спицифични фактори (традиција, наследени обрасци и вредности и др.)но во прв ред од вкупните општестево-политички, социјални и економски движења. Од друга страна, библиотечниот развој како елемент на вкупниот општествен развој треба да се планира врз основа на соодветна методологија, интердисциплинарни истражувања, податоци и анализа за состојбите, квалификации и др.
Планирањето на библиотечниот развој треба да се темели на показатели за минатата и сегашната состојба и на анализа на културните практики и потребите на граѓаните. Тоа пак подразбира стручно екипиран орган што ќе биде на висината на својата задача. Главни приоритети во овој сегмент се:
-поставување на библиотеката како важен составен фактор на општиот развој на општеството
-развивање на свеста за библиотеката како важен фактор на општиот развој на општеството
-поставување на библиотеката во средиштето на извршната политика во однос на важни прашања, како што се зголемување на социјалната кохезија, потикнување на продуктивноста и др.
-научно – истражувачка активност во соработка со други библиотеки.
**Кон рамноправен културен развој.** Големи се разликите во степенот на развиеност меѓу урбаните и руралните општини, како и меѓу Делчево и другите градови.
**Рурален развој.** Недоволната грижа пред се од самото население на руралните средини доведува до уништување на руралното културно наслетство, материјано и нематеријално.Справувањето со овој проблем е предмет на интерес во посебни стратегии за рурален развој. Вакви предмети (документ), библиотеката треба да изготви особено за клоновите на библиотеката во с.Разловци и во М.Каменица, едниот не работи а другиот е со мал број на читатели.Овој документ како приоритетни цели ќе

ги определува: унапредувањето на економските активности, со цел да се намали или стопира иселувањето, унапредување на животот во руралните средини преку државно финансирање за модернизација, иновација и ефикасно работење во двата клона.Исто така ќе се направат напори да се обезбедат ресурси за обнова, зачувување на старите читатели и нивно искористивање како потенционално образовна дејност, модрнизација и дизјан на културна понуда, како можност за поквалитетен живот.

**Податоци за библиотечни активности,простор и опрема**

Библиотеката во своето редовно работење покрај набавката, стручната обработка и изнајмувањето на библиотечен материјал, во 2026 година ќе го промовира движечкото културно наследство, преку литературни читање, изложби, предавања и други форми на дејствување , преку кои ќе ја поттикнува и развива љубовта кон убавиот пишан збор кај децата и младите.Овие функции и задачи успешно ќе се реализираат во просторооиите што ги зафаќа целата библиотека а тоа е:
-простор за информативно- позајмно одделение за возрасни
-детско катче
-читална со простор за дневен печат и периодични публикации
-оддел на стручна обработка на монографски публикации
-оддел за стручна обработка на периодични изданија
-роднокрајно одделение
-оддел за административно-финансиски работи
-магацински простор
-ходник
Библиотечниот простор е мошне значаен фактор за функционирањето на секоја библиотека.

**Програмски  активности и задачи кои ги извршуваат вработените**

Библиотека:
-комплетирање на библиотечен материјал
-стручна обработка на монографски публикации
-библиотечни услуги во детско катче
-библиотечни услуги во оддел за восрасни
-роднокраен оддел
-дел за периодика
-општа услуга

**Комплетирање и стручна обработка**

И во текот на 2026 година ќе продолжи практиката за утврдената набавна политика – да се набавува секое издание од македонски издавач и автор, да се посвети внимание на стручната литература, лектирите во поголем број и сл.Исто така ќе се набавуваа и сите други наслови од разни автори, се она што е актуелно, барано и интересно за читателите.Редовно ќе се набавуваат и дневните весницин кои библиотеката години на назад ги набаува. Најредовни членови на библиотеката се учениците и од средното и од основното образование.И во текот на 2026 година, библиотеката ќе се потруди да ги задржи и да привлече и нови членови од сите возрасти.Студентите се се почести во библиотеката па за нив и се набавува стручна литература. Стручната литература исто така ја користат и средношколците за проекти и усовршување на наставата. Поголемо внимание се посветува и на набавка на белетристиката за деца и за возрасни што ја бараат читателите од сите категории. За најмалите читатели се купуваат сликовници , енциклопедии, лексикони и речници.Исто така се очекува и литературата која ја добиваме од Министерството и НУБ.

Библиотеката ја завршува годината,заклучно со 15.12.2025 година со вкупно 528 членови, од кои 320 се активни.Во годината што изминува библиотеката за книги потрошила 40.000,00 денари и 99.000,00 денари проект финансиран од Министерството за култура и туризам. За 2026 година за книги се планирани 53.808,00 денари и повторно чекаме одобрени сретства од Министерството,преку проект.

Завршно со 15 декември 2025 г. ЈЛБ„Илинден“, во COBISS системот има внесено 49 791 книга.

Во 2026 година на библиотеката и се одобрени 9.841.292,00 мкд. денари утврдени според Методологијата на Министерството за култура, од кои за бруто плати и К-15 отпаѓаат 9.214 600,00 мкд. денари.За струја се предвидени 280 000,00денари. За останати трошици 346 692,00 мкд , кои ако ги поделиме по месеци во текот на годината, имаме 28.891,00 денари месечно.Со тие пари тешо дека ќе можеме да ги покриеме сите трошоци и потреби на библиотеката.

Библиотеката во 2026 година во рамки на своите кадровски и финансиски можности ќе реализира и други активности, а во реализацијата ќе бидат вклучени сите вработени како и соработници од други институции,а сето тоа во соработка со училиштата и сродните институции во градот и пошироко.

**РЕЗИМЕ**

Улогата на библиотекарите не е само да се обезбедат книги за корисниците, туку и да обезбедат пристап до информациите преку апликацијата COBlSS, која овозможува пристап до базите на сите локални библиотеки.

Библиотеката со сите свои капацитети ќе работи да стане простор во кој им овозможува на младите луѓе да ги надоградуваат своите интелектуални капацитети со користење на книги, списанија, мрежно пребарување во базата на податоци, интернет пребарување и комуникација. Во таа своја мисија ЈЛБ„Илинден“-Делчево, како институција од културен, образовен и информативен карактер, ќе ја продолжи воспоставената конструктивна соработка со сите институции од образовен карактер и следејќи ги нивните образовни програми, ќе креира свои програми кои го подржуваат развојот на ученикот, корисник на библиотеката.

Со децении во Библиотеката се гаела традицијата за односот кон книгата, нејзиното чување и десеминација на знаењата. Поради тоа една од примарните грижи на библиотеките е прибирање, заштита, чување и презентирање на движното културно наследство. Новонастанатите услови на живот и работа бараат повисоки образовни стандарди, затоа мора секојдневно да се унапредува библиотечната дејност.

Библиотеката, како културна установа од јавен карактер е место каде што се складира и чува културното богатство, каде се негуваат и надоградуваат културните, воспитно образовните вредности на младите и воопшто граѓаните . Затоа во 2025 година ќе се труди да се зачувува наследството, да се промовираат традицијата и литературата на разни култури, преку набавка на збирки и преку пристап до печатени книги на разни јазици. Библиотеката ќе обезбеди комплетирање на библиотечните фондови, нивна стручна обработка, давање информации и задоволување на потребите на образованието, науката и другите сфери на живеење. Библиотеката постојано ќе се унапредува, со збогатување со книжниот фонд, но истовремено и ќе биде центар во кој ќе се одвиваат разни активности, разговори, предавања и слично.

Библиотеката со сите свои капацитети ќе работи да стане простор во кој им овозможува на младите луѓе да ги надоградуваат своите

интелектуални капацитети со користење на книги, списанија, мрежно пребарување во базата на податоци, интернет пребарување и комуникација. Во таа своја мисија ЈЛБ„Илинден“-Делчево, како институција од културен, образовен и информативен карактер, ќе ја продолжи воспоставената конструктивна соработка со сите институции од образовен карактер и следејќи ги нивните образовни програми, ќе креира свои програми кои го подржуваат развојот на ученикот, корисник на библиотеката.

Најсложен предизвик поставен пред библиотеките е приспособување на пристапот кон корисниците, да се најдат покреативни пристапи кон содветната група на корисници. Библиотеката да стане медијатор помеѓу светот на информации и стандарниот библиотечен материјал. За да одговориме на предизвиците што ги носи развојот на информатичкото општество, потребно е развој на специфични библиотечни апликации, отворен пристап, можност за користење на достапни бази на податоци, но истовремено да се менува профилот на библиотекарот, тој да креира нови модели на библиотечни услуги, со цел да се привлечат поголем број на корисници од сите категории, кои бараат брза и квалитетна информација.

Денешниот развој на информатичката технологија, аудио-визуелниот материјал, појавата на нови цртани и филмски јунаци, компјутерските игри и др. се повеќе го потиснуваат значењето на книгите и читањето воопшто. Затоа библиотеките добиваат нови задачи со прилагодување на новите барања на корисниците. Факт е дека денешните ученици поминуваат повеќе време на интернет отколку во библиотека. Ова треба да се искористи во промовирање на книгите, популаризирање на библиотечните услуги и прикажување на библиотечните активности на интернет. Учениците во денешните училишта сакаат информации кои се брзи и непосредни, потполни и адекватни, пристапни и прегледни.

Иднината носи нови предизвици пред библиотекарите, да се направи баланс помеѓу старото и новото, да не се запостави мисијата на библиотеките - популаризација на читањето но, и да се пронајдат нови содржини. Затоа библиотеката ќе ја следи динамиката на новата ера и ќе одговори на новите предизвици кои ги наметнува современиот начин

на живот. Така концепирана библиотеката ќе придонесе за подобрување на пристапот кон граѓаните и информирање на корисниците за услугите што ги нуди таа. Во услови на современа информациска технологија, се помалку ќе се оди на физичко користење на книгата, а повеќе ќе се користат електронските публикации и дигитализирани текстови на книги. Библиотекарите за да одговорат на барањата на корининиците ќе бидат повеќе насочени кон содржинско пребарување и давање на друг вид помош.

Денес библиотеката како никогаш досега минува низ крупни и непрекинати промени во своето работење како последица од брзиот напредок на информатичката технологија, информациската наука и општеството. Тие иновативни промени треба да се искористат и да се приспособат, со што би се зголемил интересот на популацијата за библиотеката и за користење на нејзините фондови и услуги.

Библиотеката ја проектира годишната програма за работа во рамките на расположливите капацитети, но со оглед на дејноста во текот на годината се извршуваат и непредвидени активности и ангажмани кои не би можеле однапред да ги внесеме во годишната програма. Такви се програмите од Национален интерес. Потоа промоции од наши роднокрајни автори и промоции и гостувања на автори од цела дежава и пошироко. Настани во соработка со други институции од културата, од невладиниот сектор и од други дејности. Поради тоа годишната програма е отворена, делови може да претрпат измени и дополнувања. Иститe ќе бидат внесени во годишниот извештај.

Во периодот што следува, ќе се трудиме да ја надминеме традиционалната библиотека, како голема зграда со и отсуство на комуникација, да создадеме топла библиотека по мерка на корисниците и да се создаде непосреден однос меѓу библиотекарот и корисникот. Да се биде библиотека во 21 век е храбар предизвик на иднината, за кој е вреден секој направен чекор. Ќе ја отвориме вратата кон светот на книгата на идните генерации, а со тоа и кон библиотеките без ѕидови.

ЈЛБ„Илинден“-Делчево

Директор

Биљана Петровска